Bundesministerium
für Umwelt, Naturschutz
und Reaktorsicherheit

Umwelt Bundes Amt
Für Mensch und Umwelt

ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРОЕКТОТ

Состојба при завршување на проектот: Септември 2010

# Зајакнување на регионалното управување со отпад во Македонија



(Различни типови на сортирана пластика по обработка на модерна постројка за сортирање / Philipp Engewald)

## Вовед

Во процесот на усогласување на националното законодавство со Европското, како и според Националната стратегија за управување со отпад, во Македонија се предвидуваат регионални тела за управување со отпадот.

Меѓуопштинската соработка е сеуште нов поим за локалната администрација во Македонија. Овој проект одговори на потребата за пренесување на искуства во однос на моделите на јавно-приватно партнерство и формирање на систем за управување со отпад кој одговара на барањата за зачувување на животната средина во согласност со условите.

Новиот проект им даде можност на македонските експерти од областа на управувањето со отпад, да ги користат искуствата на Летонија, како една млада држава членка на ЕУ, како и да ги воочат придобивките од познавањето на германски колеги кои потекнуваат од локалната самоуправа. Летонија беше избрана како модел бидејќи и оваа земја мораше да се соочи со слични предизвици пред влегувањето на земјата во Унијата.

## Проект

Главната цел на проектот е поддршка за Македонија во воспоставувањето на регионален систем за управување со отпад и да се дискутира за организациските и технолошките опции, како и да се продлабочи меѓународната размена на информации помеѓу експерти од Македонија, Летонија и Германија. Исто така, се дискутираше и за различни опции за рециклирање и намалување на отпадот, како и за карактеристиките на различни модели на јавно-приватно партнерство. Во текот на мисиите во земјата, како и за време на работилницата, претставници на локалната администрација од Македонија и претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање со разговараа со експертите од Европската Унија за различните опции за правна и организациска структура на регионалните системи за управување со отпад во Македонија. Резултатие од првата работилница беа предочени пред претставниците на локалната самоуправа за време на втората работилница.

Препораките се специфични за проектот и можат да се користат и за други проекти во одредени граници, бидејќи фокусот, на барање на Македонскиот партнер, беше формирање на депонии во форма на јавно-приватно партнерство.

- Финансирање: Програма за советодавна помош на германското федерално Министерство за животна средина
- Проектен број: 380 01 225
- Регион: Република Македонија
- Времетраење: 12/2009 - 08/2010
- Управување со проект: Федерална агенција за животна средина
- Партнери на проектот (Германија): Балтички форум за животна средина од Германија, Хамбург
- Партнери на проектот (Македонија): Регионален центар за животна средина за Централна и Источна Европа, Канцеларија во Македонија, Скопје

Weitere Informationen
Umweltbundesamt
Fachgebiet Internationaler Umweltschutz
BHP-info@uba.de

Fachbegleitung
Umweltbundesamt
Susann Krause
Tel: +49-340 2103-3035
E-Mail: susann.krause@uba.de

Projektmanagement
Umweltbundesamt
Katharina Lenz
Tel: +49-340-2103-2243
E-Mail: katharina.lenz@uba.de